**ЈДГ "8 МАРТ"-НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**
**лоциран на ул."Христо Татарчевќ"бр.45 тел 389 2.2779-229 и faks 389 2 2775-335**
**www.jdg-8mart-skopje.org.mk e-mail osmimart__rasadnik@yahoo.com**

**Бр I 03-505/3**
**од 29.08.2014 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на Законот за волонтерство („Службен весник на РМ" бр.85/2007 и 161/2008) и Програмата за волонтирање во ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје за 2014 година, ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

За ангажирање на волонтери во ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје**,** со цел приближување на работата кон младите, а воедно и укажување на можност за стекнување на работно искуство со кое би можеле полесно да конкурирате на пазарот на трудот, ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје**,** овозможува волонтирање за 17(седумнаесет) заинтересираните кандидати и тоа за:

1. 3 (три) воспитувачи
2. 5 (пет) негователи
3. 1(еден) градинар
4. 5(пет) хигиеничари
5. 1(еден) архивар-админисатратор
6. 1(еден) координатор на проект “Градини во детските градинки“

Волонтирањето ќе биде во периодот од 15.09.2014 до 30.06.2015 година, за лица кои ги исполнуваат условите согласно член 3 од Програмата за волонтирање во ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје за 2014/2015 година.

По завршување на волонтирањето, ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје не презема обврска за вработување на волонтерите.

Заинтересираните кандидати да достават писмо за интерес, кратка биографија и копија од завршено соодветно образование на адреса:
ЈДГ “8 Март’’-на ОКВ во Град Скопје, ул. “Христо Татарчев“ бр. 45, - 1000 Скопје, со назнака „За јавен повик за ангажирање волонтери“.

**Рокот за пријавување е 5 (пет) дена од денот на објавување.**